BAKER TILLY MAKEDONIJA | 20th Anniversary

Ul: Leninova 33a/16
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2463 063

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2015 година

Согласно барањата на член 35 од Законот за ревизија , Друштвото за ревизија Бејкер Тили Македонија ДОО – Скопје, го објавува овој Извештај за транспарентност кои содржи информации во врска со

- опис на правната структура и сопственост на друштвото за ревизија
- опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа
- опис на управувачката структура на друштвото за ревизија
- опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем
- датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно член 20 од Законот за ревизија
- список на субјекти на кои е извршена ревизија во претходната година
- изјава за независно работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени
- изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија во текот на претходната година
- финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци, расчленет во четири категории: услуги од ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги во уверување на квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги и
- информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

Ul: Leninova 33a/16
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2463 063

## I. ОПИС НА ПРАВНАТА СТРУКТУРА И СОПСТВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО

### а) Општи податоци

| | |
|---|---|
| Полн назив: | Друштво за ревизија БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје |
| Опис на правна форма | Друштво со ограничена одговорност |
| Место на основање | Скопје |
| Дата на основање | 15.06.1995 год. |
| Основна главнина | 319.300,00 ден. |
| Главна шифра на дејност според ЦР | 69.20 Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување |
| Регистерски број во ИОРРМ | ДР009 |
| Регистерски број на лиценца издадена од Совет за унапредување и надзор на ревизијата | 06 |
| Архивски број на лиценца за работа на вршење ревизија издадена од Советот за унапредување и развој на ревизијата | 07-311/1 од 26.06.2013 |
| Адреса на подружници | нема |
| Основани друштва во земјата и странство во целосна или доминатна сопственост на друштвото | нема |
| Број на вработени на 31.12.2015 на неопределено работно време | 8 |
| Броја на вработени на неопределено работно време на денот на Извештајот за транспарентност | 8 |
| Број на вработени на определено работно време | нема |

### б) Основање и правна структура

Друштвото за ревизија Бејкер Тили Македонија ДОО Скопје е основано е на 15. јуни 1995 година, под името друштво за ревизија Инфос Д ДОО Скопје, како фирма за овозможување услуги на своите клиенти во обласа на судски вештачења, сметководство, финансиите и други консалтинг услуги. Во месец мај 2000 година друштвото доби времена лиценца за вршење ревизија, а во текот на месец Април 2003 и трајна дозвола за работа од страна на Министерството за финансии на РМ. Од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата е издадена лиценца бр 07-311/1 од 26.06.2013 год.

BAKER TILLY
MAKEDONIJA | 20th Anniversary

Ul: Leninova 33a/16
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2463 063

**в) Сопственост**

Друштвото за ревизија Бејкер Тили Македонија е организирано како друштво со ограничена одговорност и согласно Законот за ревизија, е во доминантна сопственост на Димитар Андоновски, овластен ревизор

**Сопственичката структура на друштвото на 31.12.2015 год. е следнава:**

| СОДРУЖНИК | ПОЕДИНЕЧЕН ВЛОГ | % |
|---|---|---|
| Димитар Андоновски,овл. ревизор | 239,500 | 75 |
| Кирил Андоновски | 26,600 | 8.3 |
| Елена Адамова | 26,600 | 8.3 |
| Маја Ивановска | 26,600 | 8.3 |
| **ВКУПНО** | **319,300** | **100** |

**в) Осигурување од професионална одговорност**

| | |
|---|---|
| Минимална сума за покривање на штетен настан | 3.700.000,00 ден |
| Број на полиса | 13053000038915/0 |
| Друштво за осигурување | Евроинс |
| Период на осигурување | 31.10.2015-31.10.2016 |

**г) Список на овластени ревизори вработени во друштвото на ден 31.12.2014 год.**

| Ред. бр. | Број во регистер | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР | Број на лиценца |
|---|---|---|---|
| 1 | OP053 | ДИМИТАР АНДОНОВСКИ | 07-140/1 од 29.04.2013 |
| 2 | OP044 | БРАНКО КОСТОВСКИ | 07-277/1 од 29.06.2013 |



an independent member of BAKER TILLY INTERNATIONAL

Baker Tilly Makedonija DOO trading as Baker Tilly Makedonija

BAKER TILLY MAKEDONIJA | 20th Anniversary

Ul: Leninova 33a/16
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2463 063

## II. ОПИС НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА МРЕЖА И ПРАВНИТЕ СТРУКТУРНИ АРАНЖМАНИ ВО МРЕЖАТА КАДЕ ШТО ПРИПАЃА

Во текот на месец јуни 2008 година, по потпишување на Договорот за пристапување, друштвото за ревизија Инфос Д ДОО, стана полноправна, независна членка на меѓународната асоцијација на независни ревизорски, сметководствени и консултантски фирми Baker Tilly International од Лондон, Англија.

По добиена согласност за употреба на лиценцата за трговската марка Бејкер Тили, од Baker Tilly International од Лондон, Англија, во текот на месец Август 2008 година, склучен е договор за употреба на името Бејкер Тили во Македонија, од страна на друштвото за ревизија Инфос Д. Во Септември 2008 година извршена е промена на името во Централниот Регистар на РМ, а во Ноември 2008 година друштвото за ревизија доби дозвола за вршење работи на ревизија од Министерство за Финансии на РМ, под ребрендираното име друштво за ревизија Бејкер Тили Македонија ДОО – Скопје.

Бејкер Тили Македонија ДОО – Скопје е независен член на BAKER TILLY INTERNATIONAL. Бејкер Тили Интернационал е англиска компанија и не обезбедува професионални услуги на клиентите. Секоја членка на компанија е посебно и независно правно лице. Бејкер Тили Македонија ДОО –Скопје не е агент на BAKER TILLY INTERNATIONAL и нема авторитет да се поврзе со BAKER TILLY INTERNATIONAL или да дејствува во име на BAKER TILLY INTERNATIONAL. Ниту една членка на BAKER TILLY INTERNATIONAL, ниту на другите независни членки на BAKER TILLY INTERNATIONAL имаат каква било одговорност за меѓусебните дела или пропусти. Покрај тоа BAKER TILLY INTERNATIONAL, ниту било која друга членка има право да управува со контролата над која било друга членка.

Baker Tilly International е рангирана на 8 место во скалата од топ 10 ревизорски мрежи во светот кои овозможуваат ревизорски, сметководствени и консалтинг услуги и има мрежа од 154 членови во 133 држави во светот како и и 27000 вработени во 693 канцеларии (www.bakertillyinternational.com). За 2015 год. има прикажано приход од 3.563 млд. долари

## III. Услуги кои ги обавува БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА

Основна дејност на друштвото Бејкер Тили Македонија е ревизија на финансиски извештаи на средни и големи трговци, банки, друштва за осигурување, други финансиски институции, трговци кои составуваат консолидирани финансиски извештаи, ревизија на проекти финансирани од различни донатори согласно барањата на донаторот и due diligence.

Покрај вршење на работите на ревизија, друштвото ги врши и следниве услуги: сметководствени услуги, деловен и менаџмент консалтинг, даночен консалтинг, финансиски

Ul: Leninova 33a/16
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2463 063

консалтинг, консалтинг во усовршување на системот на интерно-сметководствени контроли и на системот на сметководство, проценка на друштва и судски вештачења.

## IV. ОПИС НА УПРАВУВАЧКАТА СТРУКТУРА НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА

Друштвото за ревизија Бејкер Тили Македонија е регистрирано согласно Законот за трговски друштва како друштво со ограничена одговорност, каде што управувачката структура е следна:

- Собир на содружници кој се состои од сите содружници со право на глас пропроционално на нивниот влог и
- Управител на друштвото

Собирот на содружници се состанува најмалку еднаш годишно за усвојување на годишната сметка на друштвото.

Управител на друштвото е Димитар Андоновски, овластен ревизор.

## IV.ОПИС НА ВНАТРЕШНИОТ СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ ВО ДРУШТВОТО

Врз основа на барањата на Законот за ревизија, друштвото има усвоено Правилник за постапките на контрола на квалитетот на ревизиите, кој е подготвен врз основа на насоките за политиките на контролата на квалитет донесени од страна на Baker Tilly International од Лондон, како и врз основа на Меѓународните Стандарди за ревизија, Кодексот на етика на професионалните сметководители на IFAC и Законот за ревизија.

Правилникот за постапките на контрола на квалитетот на ревизиите е изготвен согласно барањата на:

- МСКК 1 – Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1 и
- МСР 220 – Контрола на квалитет за ревизија на финансиските извештаи.

МСКК 1 се однесува на одговорностите на друштвото да воспостави и одржува систем на контрола на квалитет во друштвото кој обезбедува разумно уверување, дека друштвото и нејзиниот персонал се придржуваат на професионалните стандарди и законските барања и дека извештаите кои друштвото ги издава се соодветни на дадени прилики. Системот на контрола на квалитет вклучува политики и постапки кои се однесуваат на:

- Одговорности на лидерите за квалитет во рамките на друштвото
- Релевантните етички барања
- Прифаќање и одржување на односите со клиентот и специфични ангажмани
- Човечките ресурси
- Извршување на ангажманот и

BAKER TILLY MAKEDONIJA | 20th Anniversary

Ul: Leninova 33a/16
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2463 063

- Надгледување.

МСР 220 се однесува на одговорностите на друштвото и ревизорскиот персонал само за ревизорските ангажмани.

Одговорен за квалитетот севкупната ревизорска работа на друштвото е управителот на друштвото (овластен ревизор) кој во името на друштвото ги потпишува ревизорските ивештаи.

Управителот на друштвата донесува програма во вид на прашалници за постапките и процедурите за вршење на внатрешната контрола на квалитетот. Со оглед дека Бејкер Тили Македонија е релативно мало друштвото,со мал број на ревизорски ангажмани и во кое засега има вработени само два овластени ревизори, нема посебно одделение за внатрешна контрола на квалитет, при што внатрешната контрола ја врши еден од овластените ревизори кој не бил вклучен во работа на конкретниот ангажман што е предмет на внатрешна контрола.

Во следниот период очекуваме да се задржи трендот на добивање на нови ревизорски ангажмани а исто така очекуваме да добиеме уште најмалку два овластени ревизори од редот на вработените кои моментално полагаат испити за овластен ревизор.Заради тоа ние планираме еден овластен ревизор да врши работа само на контрола на квалитетот на ревизорските ангажмани со што ќе се прошири опсегот и бројот на ревизорски ангажмани кои ќе подлежат на внатрешна контрол на квалитетот.

Кај поединечните ревизорски ангажмани цел на проверка на контрола на квалитетот се банките, осигурителните компании и акционерските друштва кои котираат на берза. Во 2014 год. е извршена проверка на квалитетот на еден ревизорски ангажман (осигурителна компанија)

Врз основа на барањата на Законот за ревизија, Друштвото за ревизија Бејкер Тили Македонија, доследно се придржува кон усвоениот Правилник за постапки за контрола на квалитет на ревизорските ангажмани, како на ниво на друштво, така и на ниво на поединечните ангажмани, за да се осигура дека вработените се придржуваат кон интерните акти на друштвото при спроведување на поставените задачи од страна на раководителот на ревизорските тимови.

(прилог: изјава)

## V. НЕЗАВИСНОСТ НА РЕВИЗОРОТ

Бејкер Тили Македонија посебно внимание му придава на независноста а со тоа и на проверка во сите ситуации каде што е можно загрозување на независноста на ревизорот, бидејќи сметаме дека независноста е основа за квалитетот, објективноста, професионализмот и довербата во ревизорската работа. Независноста ја разбираме со исполнување на следниве критериуми:

- Чесност и објективност
- Професионална стручност и должно внимание
- Избегнување на етички судири со клиентите
- Доверливост
- Професионално однесување

Ul: Leninova 33a/16
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2463 063

- Почитување на барањата од Стандардите за етика

Независноста на ревизрот ние сметаме дека е загрозена во следниве случаи:

- Ако истовремено освен ревизорски услуги на клиентот се даваат и сметковдствени услуги и или услуги на процена и судски вештачења
- Ако членови на ревизорскиот тим се во блиско сродство со некои од раководството на киентот,
- Ако било кој од ревизорскиот персонал има било каков финансиски интерес со клиентот или е вклучен во управувачките и надзорни структури во органите на клиентот
- Ако еден ист ревизорски тим 5 години по ред врши ревизија кај ист клиент.

Независноста на ревизорскиот персонал се испитува на неколку нивоа и тоа: по пат на изјави, на годишно ниво за сите клиенти со кои друштвото има склучено договри за ревизија, пред назначување на членовите на конректен ревизорски тим, а членовите на ревизорските тимови во одлуките за назначување се предупредени да го известат управителот доколку во текот на ревизијата се создадат околности со кои може да биде загрозена нивната незвисност.

(Прилог изјава)

## VI. ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ И ДРУГИОТ РЕВИЗОРСКИ ПЕРСОНАЛ

Друштвото за ревизија БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА им овозможува на овластените ревизори нивно натамошно професионално усовршување преку присуство на семинари во земјата и странство организирани од Институтот на овластени ревизори или акредитирани институции. Исто така за другиот ревизорски персонал се организираат интерни семинари од областа на ревизијата во рамките на друштвото а и се испраќаат на семинари кои ги организираат овластени консултатски куќи од областа на даноците и сметководството.
Друштвото располага и со солиден фонд на стручна литература од областа на ревизијата, даночната регулатива и сметководството .

(Прилог изјава)

## VII. ДАТУМ КОГА Е ИЗВРШЕНА ПОСЛЕДНА ПРОВЕРКА ЗА УВЕРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РЕВИЗОРОТ

Согласно член 20 од Законот за ревизија, друштвата за ревизија подлежат на систем за контрола на квалитет, заради усогласеност на работењето на ревизорите со процедурите на вршење

BAKER TILLY
MAKEDONIJA | 20th Anniversary

Ul: Leninova 33a/16
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2463 063

на ревизија пропишани со Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и Законот за ревизија.

Проверка за уверување на квалитетот на ревизорот, дали истиот доследно се придржува кон усвоениот Правилник за постапки за контрола на квалитет на ревизорските ангажмани, како на ниво на друштво, така и на ниво на поединечните ангажмани е извршена од страна од лице овластено за контрола на квалитет од Baker Tilly International од Лондон во текот на месец ноември 2015 година

Последната контрола извршена од страна на овластени лица за контрола на квалитет од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија беше во текот на месец Јануари 2016 година. Со контролата беше опфатена внатрешната контрола на Друштвото како и и проверка на конкретни ангажмани за годината што заврши на 31 декември 2014 година

## VIII.СПИСОК НА СУБЈЕКТИ НА КОИ Е ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

Друштвото за ревизија Бејкер Тили Македонија во текот на 2015 година има извршено ревизија на финансиските извештаи за 2014 год. на следните друштва:

а) **Законски ревизии**

| | |
|---|---|
| 1 | ЕВРОИНС АД Скопје |
| 2 | АД ТЕЦ НЕГОТИНО, Неготино |
| 3 | СИЛЕКС АД Кратово |
| 4 | СИЛЕКС СИЛПЕН СТ ДООЕЛ Кратово |
| 5 | СИЛЕКС НЕМЕТАЛИ СТ ДООЕЛ, Кратово |
| 6 | ПРОМЕДИКА ДОО Скопје |
| 7 | РЖ УСЛУГИ АД Скопје |
| 8 | ЕЛЕКТРОЕЛЕМЕНТ ДОО Скопје |
| 9 | ЕЛЕКТРОМЕТАЛ, ДОО , Скопје |
| 10 | КИА, ДОО Скопје |
| 11 | ВАРДАР ДОЛОМИТ,ДООЕЛ, Скопје |
| 12 | ТИКВЕШ-ГД АД |
| 13 | ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА, Скопје |
| 14 | ЈП МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ Скопје |
| 15 | ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО, Скопје |
| 16 | ФЛОРАКОМ ДООЕЛ |
| 17 | ЛУНА ДООЕЛ |
| 18 | ПРИЦЕС ХОТЕЛ И КАЗИНО,ДОО, Гевгелија |
| 19 | ПРИНЦЕС ГРУП,ДООЕЛ, Гевгелија |
| 20 | ТВ СИТЕЛ,ДОО,Скопје |
| 21 | МАГРОНИ,ДОО Скопје |
| 22 | ЦЕНТРОУНИОН,ДОО Скопје |
| 23 | ЦЕРТУС АД,Скопје |
| 24 | ФЛОРЕС ДООЕЛ, Скопје |

BAKER TILLY MAKEDONIJA | 20th Anniversary

Ul: Leninova 33a/16
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2463 063

| | |
|---|---|
| 25 | ГИС ДОО Скопје |
| 26 | БАЛКАН РИАЛ ИСТЕИТ ДООЕЛ |
| 27 | РИМЕКО ДОО, Скопје |
| 28 | ЕЛБИЈОР, ДООЕЛ, Скопје |
| 29 | ЈВ АЛПИНЕ-ВИБЕ КОРИДОР 10 РИЛВЕЈ ПРОЕКТ ДОО |
| 30 | ДИЗАЈН ФАНТАЗИ ДООЕЛ |
| 31 | ЕФТИНИЈА ИМПЕКС ДОО,Скопје |
| 32 | МЕДИА ЕЛЕКТРОНИКС ДОО,Скопје |
| 33 | МИНЕКС ДООЕЛ,Кавадарци |
| 34 | ОРКАН ИМПЕКС ДООЛ, Кавадарци |
| 35 | СПЕКТАР ТЕРМО ДОО,Скопје |

**б) Договорни и статутарни ревизии**

| | |
|---|---|
| 1 | УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА,Тетово |
| 2 | ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПСКА УНИВЕРЗИТЕТСКА ФОНДАЦИЈА,Тетово |
| 3 | УНИВЕРЗИТИ КОМ ДОО ТЕТОВО |
| 4 | 6 ПМ НЕАРСХОРЕ ДООЕЛ,Скопје |
| 5 | ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА |
| 6 | МИРКАТ,ДООЕЛ, Скопје |
| 7 | ВИДЕОЛОТАРИЈА,ДОО, Скопје |
| 8 | ЕНЕРГО УСЛУГИ,ДООЕЛ |
| 9 | АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА ВО ОСИГУРУВАЊЕТО |
| 10 | АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО |

## IX. ФИНАНСИСКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ВКУПНИОТ ПРИХОД ОСТВАРЕН ОД РЕВИЗИЈАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

| ВИД НА ПРИХОД | 2015 | % | 2014 | % | 2015/2014 |
|---|---|---|---|---|---|
| Ревизија на Финансиски извештаи | 5.910.141 | 50,6 | 5.066.911 | 45,9 | 16,64 |
| Дополнителни услуги за уверување | 1.205.647 | 10,3 | 816.995 | 7,4 | 47,57 |
| Сметководствени услуги | 3.330.241 | 28,5 | 3.762.718 | 34,1 | -11,49 |
| Други неревизорски услуги | 1.235.906 | 10,6 | 1.390.349 | 12,6 | -11,11 |
| **ВКУПНО** | **11.681.935** | **100** | **11.036.973** | **100** | **5,84** |

BAKER TILLY MAKEDONIJA | 20th Anniversary
Ul: Leninova 33a/16
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2463 063

## X. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОСНОВАТА ПО КОЈА СЕ УТВРДУВА ХОНОРАРОТ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР

Овластените ревизори за својата работа на ревизија на финансики извештаи и други консултантски услуги ги примаат следниве надоместоци:

- Бруто плата во фиксен износ не помал од просечна плата во Република Македонија зголемена за 50%
- Варијабилен дел не поголем од 10% од секоја извршена и наплатена услуга а во зависност од финансиската состојба на друштвото.

Скопје 28.03.2016 год.

Извештајот е објавен на веб страната на БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА (www.bakertillymakedonija.com.mk)

Друштво за ревизија
**БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА ДОО**
Димитар Андоновски, управител

Друштво за ревизија БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје



an independent member of BAKER TILLY INTERNATIONAL
Baker Tilly Makedonija DOO trading as Baker Tilly Makedonija

BAKER TILLY MAKEDONIJA | 20th Anniversary

Ul: Leninova 33a/16
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2463 063

# ИЗЈАВА

## ОД ОВЛАСТЕНИОТ НАДЛЕЖЕН ОРГАН НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО ВНАТРЕШНИОТ СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Одговорниот за квалитетот на ревизиите, Управителот на друштвото изјавува дека системот на контрола на квалитетот на друштвото функционира на начин што обезбедува разумна сигурност дека друштвото и ангажираниот персонал се усогласени со професионалните стандарди, регулаторните и законските барања, и дека издадените ревизорски извештаи се соодветни на дадените околности.

Скопје, 26.03.2016 год

Изјавил:
Димитар Андоновски, Управител

Друштво за ревизија БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје



an independent member of BAKER TILLY INTERNATIONAL

Baker Tilly Makedonija DOO trading as Baker Tilly Makedonija

BAKER TILLY
MAKEDONIJA
20th Anniversary

Ul: Leninova 33a/16
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2463 063

# ИЗЈАВА

## ЗА НЕЗАВИСНОТО РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА СО КОЈА СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА ПОСТОЈАТ ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НЕЗАВИСНОСТА И ДЕКА ИСТИТЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ

Врз основа на барањата на Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и националното право, Друштвото за ревизија Бејкер Тили Македонија, ја има прифатено методологијата на интерни процедури од Baker Tilly International од Лондон, со цел овозможување на поквалитетно извршување на поставените задачи од страна на вработените.

Друштвото за ревизија Бејкер Тили Македонија, потврдува дека усвоениот систем на интерна контрола и процедури за проверка на усогласеноста на независноста, со цел зголемување на квалитетот на извршените ревизии, во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за квалитет, и истите доследно ги применува.

Скопје, 26.03.2016

Изјавил: Димитар Андоновски, Управител

Друштво за ревизија БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје



An independent member of BAKER TILLY INTERNATIONAL

Baker Tilly Makedonija DOO trading as Baker Tilly Makedonija

BAKER TILLY
MAKEDONIJA | 20th Anniversary

Ul: Leninova 33a/16
P.O. Box 462
1000 Skopje
Tel: +389 2 2463 140
Fax: +389 2 2463 063

# ИЗЈАВА

## ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ЗА КОНТИНУРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

Во функција на унапредување на квалитетот на ревизорските постапки а согласно чл.28 од Законот за ревизија, друштвото има развиено политики на:

- континуирана едукација на овластените ревизори во рамките на Институтот за овластени ревизори на РМ и од акредитирани институции во странство
- перманентна едукација на персоналот преку присуство на семинари во организација на консултантски куќи од Македонија, интерни семинари во рамките на друштвото, набавка на стручна литература, финансиска поддршка при припрема на ревизорскиот испит, финансиска поддршка при доедукација во областа информатички технологии
- присуство на семинари во организација на Baker Tilly International од Лондон
- консултации со посебен сектор за консултации на Baker Tilly International од Лондон
- консултации во рамките на друштвото, како и со надворешни соработници

Друштвото за ревизија Бејкер Тили Македонија, потврдува дека усвоениот систем на политики и процедури во функција на зголемување на квалитетот на едукација на кадарот со цел зголемување на квалитетот на извршените ревизии, во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за квалитет, и истите од година во година доследно ги применува.

Скопје, 26.03.2016 год.

Изјавил:
Димитар Андоновски Управител

Друштво за ревизија
БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА
ДОО Скопје